**СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ФИНАНСИСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА МАКЕДОНИЈА**

# СТАТУТ

Скопје, 2023 година

Врз основа на членот 188 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), Собранието на Синдикатот на работниците од финансиските организации на Македонија донесе

# СТАТУТ

## НА СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ФИНАНСИСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА МАКЕДОНИЈА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

1) Синдикатот на работниците од финансиските организации на Македонија (во натамошниот текст: Синдикат), е синдикат кој е организиран на повисоко ниво, како посебно правно лице, чие основање, постоење и организација на работење се утврдени во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за работни односи, Колективен договор и со овој Статут.

2) Синдикатот е доброволна, самостојна, демократска, независна и непартиска организација која ја сочинуваат синдикатите и работниците од сите видови финансиски и други организации, основан со нивна слободна волја и избор, со цел остварување и заштита на економските, социјалните, материјалните, културните и другите интереси на своите членови.

3) Синдикатот носи своја Програма за работа, и во остварување на истата, е самостоен и независен од државните органи, политичките партии, верските заедници и другите организации, раководните органи во финансиските и други организации.

4) Синдикатот своето делување го заснова на:

- самостојност и автономност;
- единство во остварувањето на интересите на членовите;
- заемност и солидарност;
- одговорност на членството, органите и организациите за изградба и реализација на донесените ставови;
- право на членство за заштита на поединечните, посебните и заедничките интереси;
- демократско носење на одлуки на сите нивоа и јавност во работењето;
- почитување на меѓународните конвенции.

5) Синдикатот со одлука на Претседателството, може да се здружи во повисоки форми на синдикално здружување.

6) Синдикатот ги претставува неговите членови, преговара во нивно име, ги заштитува, им овозможува правна помош и судска заштита, и организира и го води штрајкот.

7) Синдикатот остварува соработка со сродни синдикални организации, и може да членува во сродни меѓународни синдикални асоцијации.

8) Синдикатот, во остварувањето на своите цели и задачи, ги користи сите средства и облици на синдикална борба во рамките на уставното уредување на Република Северна Македонија.

## II. НАЗИВ, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, АМБЛЕМ И ЗНАМЕ НА СИНДИКАТОТ

### Член 2

1) Целосен назив на Синдикатот е: „Синдикат на работниците од финансиските организации на Македонија", а скратен назив е "Синдикат".

2) Седиштето на Синдикатот е во Скопје.

3) Амблемот на Синдикатот: има тркалезна форма која симболизира цикличен тек на пари, хартии од вредност и скапоцени предмети.

4) Знамето на Синдикатот е правоаголно, со димензии 0.7x1.2 м. со виолетова боја, и го содржи амблемот на Синдикатот.

5) Печатот на Синдикатот е тркалезен, и го содржи следниов назив: "Синдикат на работниците од финансиските организации на Македонија". Во средината на печатот се наоѓа амблемот на Синдикатот.

6) Печатот на Синдикалната организација е тркалезен, и го содржи следниот назив: „Синдикат на работниците од финансиските организации на Македонија"- Синдикална организација на Синдикатот од ________________. Во средината на печатот се наоѓа амблемот на Синдикатот.

## III. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

### Член 3

1) Основни цели и задачи на Синдикатот се:

- учество во градењето ставови за изградба и обезбедување социјална и демократска правна држава, економска демократија и нејзино слободно демократско уредување;
- следење на спроведувањето на законите и другите прописи кои се однесуваат на правата на работниците и колективните договори и применување на меѓународните конвенции;
- остварување на уставното право на управување и учество во одлучувањето врз основа на трудот;
- застапување на заедничките интереси на работниците во институциите на системот, преку поднесување барања, иницијативи, предлози и мислења, како и со директни синдикални притисоци, јавни собири и митинзи, протестни прошетки и демонстрации, и како крајно средство - штрајк;
- остварување и унапредување на образовните, културните и научните интереси на работниците;
- преговарање и склучување на колективни договори;
- остварување и на други потреби кои ќе произлезат како иницијатива од членовите на Синдикатот;

2) Во економско - социјалната област, делува преку:

- активности за зачувување на реалната вредност на надоместоците од работен однос (основна плата и други надоместоци), нивна стабилност и унапредување на условите за работа коишто ја гарантираат социјалната и економско - материјалната сигурност на

членовите, и подобрување на општествено - економската и социјална положба на членството;

- утврдување на политиката и елементите на колективно договарање;
- учество во подготовката на законите од дејноста, од социјално економскиот аспект, преку соодветни институционални форми на дејствување.

3) Синдикалното организирање и дејствување, делува преку:

- градење на Синдикатот како единствена организација на синдикалните организации од дејноста;
- градење на заедничка стратегија на дејствување на синдикалните организации од дејноста;
- остварување и заштита на синдикалните права и слободи, и независност на синдикалното движење;
- заштита од кој било облик на репресија и нетолеранција ( национална, верска, полова, идеолошка, партиска и друга припадност );
- унапредување и остварување на синдикално образование врз основа на Програмата;
- учество во меѓународните синдикални асоцијации на синдикатите;
- укажување при непочитување на меѓународни конвенции ратификувани од Република Северна Македонија, известување на меѓународните организации;
- информирање на јавноста преку соопштенија, конференции за печат, директни настапи преку јавните медиуми, истакнување плакати на јавни места, итн;
- издавање билтени, прирачници и други печатени материјали;
- остварување на други заеднички интереси.

## IV. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СИНДИКАТОТ

### Член 4

1) Во Синдикатот може да членуваат синдикалните организации на ниво на работодавач од организациите од член 1 став 2 од овој Статут, како и секој работник кој е вработен или ангажиран преку Агенција за привремено вработување во некоја од организациите, назначени во член 1 став 2 од овој Статут.

2) Синдикалните организации на ниво на работодавач и работник, доброволно се зачленуваат во Синдикатот, а зачленувањето се врши со одлука, односно изјава за пристапување.

Секој член добива членска картичка.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОТ

### Член 5

1) Права на членот се:

- да добива помош и заштита од Синдикатот при остварување на правата од работа и по основ на работата;
- да избира и да биде избран во органите на Синдикатот;
- бесплатно да користи правна помош и заштита;

- да користи средства за солидарност низ разни облици на синдикална помош (солидарен фонд);
- објективно, стручно и навремено да биде информиран;
- да бара одговорност и отповикување на членовите на органите и раководството на Синдикатот;
- членовите на органите и раководството на Синдикатот;
- на синдикално, стручно образование и оспособување кои ги организира Синдикатот;
- на награди и признанија што ги доделува Синдикатот

2) Обврски на членот се:

- да ги почитува Програмата и Статутот на Синдикатот;
- да учествува во активноста на Синдикатот;
- да ги почитува одлуките на Претседателството на Синдикатот;
- редовно и навремено да плаќа членарина.

## VI. ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО

### Член 6

1) Престанување на членството може да биде на барање на членот (истапување) или поради исклучување.

2) Членството, исто така, престанува, доколку членот повеќе не ги исполнува условите од член 1 став 2 од овој Статут. Со престанок на членството во Синдикатот се губат сите права на членот и престануваат обврските. При престанок на членувањето, уплатуваната членарина не се враќа.

3) Истапувањето на членот се врши на негово барање со поднесена изјава, додека истапувањето ( од Синдикалната организација) на ниво на работодавач, се врши со одлука донесена од Собранието на тој синдикат.

4) Истапувањето го констатира Претседателството на Синдикатот. Членот по автоматизам се брише од евиденција на Синдикатот ако не плаќа членарина повеќе од 6 месеци последователно во годината.

5) Исклучувањето од Синдикатот го врши Претседателството на Синдикатот, во случаи на непочитување на статутарните и програмските права и обврски, и доколку неговото однесување му нанесува штета на Синдикатот и неговите членови.

6) Одлуката за исклучување се донесува со гласање, и одлуката се смета за донесена доколку гласале повеќе од 50% од членовите.

7) На Одлуката за исклучување, членот има право на жалба до Собранието на Синдикатот.

8) На седницата на Собранието на Синдикатот на која се разгледува жалбата, подносителот на жалбата има право да ги образложи своите наводи.

9) За време до донесувањето на конечната одлука, правата и обврските на членот му мируваат.

10) Членот кој по слободна волја ќе истапи од Синдикатот, може повторно да се зачлени, но правата како член ќе може да ги користи по изминување на шест месеци од денот на повторното зачленување.

## VII. КОНСТИТУИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАНОСТ НА СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СИНДИКАТОТ

### Член 7

1) Основен облик на организирање е Синдикалната организација.

2) Синдикалната организација на Синдикатот се конституира врз принципот "една организација, една синдикална организација на Синдикатот".

3) Иницијатива за формирање на синдикална организација на Синдикатот ја покренува: група работници, синдикална организација на Синдикатот и Претседателството на Синдикатот.

4) Одлука за формирање на синдикална организација на Синдикатот носи Претседателството на Синдикатот.

5) Синдикалната организација има свој печат и трансакциска сметка, која е подсметка на сметката на Синдикатот кај надлежна банка, и делува согласно одредбите на овој Статут.

6) Во исклучителни случаи, поради неправилности во работењето, претседателот на Синдикатот може времено да ја блокира трансакциската сметка на синдикалната организација, по што е должен да го извести Претседателството на Синдикатот.

7) По отстранување на неправилностите во работењето, претседателот на Синдикатот ќе ја деблокира трансакциската сметка на синдикалната организација.

8) Доколку Надзорниот одбор на Синдикатот или Синдикалната организација утврди злоупотреба на трансакциската сметка, како и во случај на престанок на работа на синдикалната организација по било кој основ, Претседателството на Синдикатот може да донесе одлука за затворање на трансакциската сметка.

9) Во синдикалните организации облик на дејствување се синдикалните делови (сектори, одделенија) од организациската целина, доколку синдикалната организација брои повеќе од 100 членови.

10) Бројот на синдикални одделенија, начинот на нивно организирање и потребниот број на членови за формирање одделение, го утврдува Синдикалната организација.

11) Синдикалното одделение има свој претставник, кој е член на Претседателството на синдикатот (Синдикалната организација).

12) Орган на одлучување во синдикални организации е Претседателството на синдикалниот одбор (Синдикалната организација), кој го сочинуваат претставници од синдикалните одделенија-делови.

## VII.2. ОРГАНИ НА СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

### Член 8

1) Органи на синдикалната организација на Синдикатот се: Собрание, Претседателство, односно синдикален одбор и Надзорен одбор.

2) Бројот и составот на органите на синдикалната организација го утврдува Претседателството на Синдикатот.

### VII.2.1. СОБРАНИЕ НА СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 9**

1) Собранието е највисок орган на управување и го сочинуваат сите членови на Синдикалната организација на Синдикатот, и се одржува на 5 години.

2) Собранието избира претседател на Синдикалната организација и негов заменик, носи програма, усвојува извештај за работа и избира Надзорен одбор.

3) Синдикални организации со помалку од 100 членови, може да избираат само претседател и заменик- претседател.

4) Органите на синдикалната организација се изборни.

5) Мандатот на членовите на органите на синдикалната организација е пет години.

6) Одлука за распишување на избори во синдикалните организации носи Претседателството на Синдикатот.

7) Изборите можат да бидат со јавно или тајно гласање или по електронски пат.

8) За полноважен избор е нужно присуство на мнозинство од вкупниот број на членови.

9) За избрани се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство од присутните членови.

### VII.2.2. ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 10**

1) Претседателството е колективен и демократски орган на синдикалната организација. Членови на Претседателството на синдикалната организација се претседателот и претставниците од синдикалните одделенија.

2) Синдикалните организации на Синдикатот организирани во повисока форма (сложена организација), имаат претседателства како координативен орган. Претседателството го сочинуваат претседателите на синдикалните делови (дисперзирани низ државата) и од својот состав избираат претседател.

3) Одлуките на Претседателството на синдикалната организација се донесуваат со мнозинство гласови.

4) Задачи на Претседателството на синдикалната организација:

- ги подготвува седниците на Синдикалната организација,
- ги спроведува одлуките на Синдикатот,
- се грижи за подобрување на условите за работа и заштита при работа,
- преговара за колективниот договор и негово склучување и се грижи за негова доследна примена,
- ги претставува членовите во дисциплинските постапки, како и постапки во организацијата во која работи
- обезбедува услови за слободно и непречено синдикално дејствување,
- овозможува користење на услуги и производи за членовите по поволни услови, без право на преземање гаранции и потпишување на договори со кои се преземаат финансиски обврски кои ќе бидат на товар на Синдикалната организација или Синдикатот,
- презема други активности кои се од интерес на членството.

- Во синдикалните организации на Синдикатот каде што има синдикален одбор, синдикалниот одбор ги остварува задачите утврдени во член 10 од овој Статут.

## VII.2.3. НАДЗОРЕН ОДБОР НА СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 11**

1) Надзорниот одбор го сочинуваат членови кои не се членови на претседателството односно, синдикалниот одбор.

2) Надзорниот одбор врши надзор врз материјално - финансиското работење на Синдикалната организација, донесува заклучоци и предлага мерки за подобрување на материјално - финансиското работење. Надзорниот одбор го избира Собранието.

## VII.2.4. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 12**

1) Претседател на синдикалната организација е лице кое заедно со претседателот на Синдикатот ја преставува синдикалната организација пред работодавачот.

2) Претседателот на синдикалната организација го заменува неговиот заменик.

3) Претседателот и неговиот заменик ги избира Собранието на синдикалната организација со мандат од 5 години.

4) Должности на претседателот на синдикалната организација:

- организирање, спроведување и надзор на сите синдикални активности во организацијата,
- спроведување на одлуките од Собранието на синдикалната организација,
- застапување на членовите на Синдикатот пред работодавачот,
- учество во остварување на заштита на правата на членот на Синдикатот,
- преземање активности заради зголемување на бројот на членови,
- извршува и други работи за кои ќе го задолжи Синдикатот, а кои се во согласност со Статутот,
- Претседателот на синдикалната организација во рамки на своите овластувањаутврдени со овој Статут, може да пренесе некои од своите овластувања или задачи на други членови на претседателството на Синдикатот.

5) Претседателот на Синдикалната организација има права и ужива имунитет утврден со закон, утврдениот Статут и Колективниот договор.

## VIII. ОРГАНИ НА СИНДИКАТОТ

**Член 13**

1) Органи на Синдикатот се: Собрание, Претседателство и Надзорен одбор.

2) Органите ги остваруват следните функции и задачи:

- ја разгледуваат економската и материјално - социјалната положба на членството, покренува иницијативи, бара и предлага решенија за одделни прашања;
- учествуваат во донесувањето на актите со кои се регулира економската и материјално - социјалната положба на членството;
- учествуваат во изготвувањето, донесувањето и спроведувањето на колективните договори во организациите, и е нивен потписник;
- градат мислења и ставови за прашања за кои се бара претходно изјаснување на синдикалната организација пред органите на организацијата;
- ги штитат правата од работа и работен однос, социјалните права, и ги застапува членовите во остварувањето на правата во организацијата;
- се залагаат за подобрување на условите и заштита при работа, за животната и работната средина;
- обезбедуваат услови за развој на рекреација, одмор и физичка култура;
- се грижат за благовремено и вистинито информирање на членството;
- учествуваат во активностите за избор на работничките претставници во органите на управувањето на организациите;
- учествуваат во предлагањето и изборот на членовите на органите на Синдикатот.

## IX. СОБРАНИЕ

### Член 14

1) Собранието го сочинуваат делегати непосредно избрани во основните организации на Синдикатот. Во работата на Собранието учествуваат со статус на делегати и членовите на постојните органи на Синдикатот, но без право да гласаат за извештаите и разрешницата на органите.

2) Мандатот на избраните делегати трае до следното Собрание.

3) Собранието на Синдикатот се свикува на пет години. Датумот, местото, дневниот ред, бројот и составот на делегатите на Собранието го утврдува Претседателството на Синдикатот со посебна одлука, најмалку 30 дена пред почетокот на работата на Собранието.

4) Евидентирање, предлагање, утврдување, начин на избор и број на делегати на Собранието и членовите на органите на Синдикатот, утврдува Претседателството на Синдикатот со посебни одлуки.

5) Вонредно Собрание може да се свика по иницијатива на претседателот на Синдикатот, Претседателството на Синдикатот и по барање на повеќе од 50% од организациите на Синдикатот, односно од организации во кои членуваат над половина од членовите на Синдикатот.

6) Иницијативата за вонредно Собрание мора да биде образложена и да се овозможи кога ќе се оцени дека Претседателството на Синдикатот не може да делува врз основа на тогашната програма, кога не ги остварува програмските задачи, и кога Синдикатот ќе изгуби повеќе од 1/3 од членството. Иницијативата се доставува до Претседателството на Синдикатот.

7) Доколку Претседателството на Синдикатот веднаш не одговори на иницијативата, односно не свика вонредно Собрание, иницијаторите можат да свикаат вонредно Собрание, подготвуваат нацрт- документи и ги доставуваат до делегатите во рок од 30 дена од денот на добиениот одговор.

8) Собранието на Синдикатот ги резимира следните задачи:

- донесува Програма за работа;
- го усвојува Извештајот за работа на Претседателството на Синдикатот;
- донесува Статут на Синдикатот, односно врши измени и дополнувања;
- избира и разрешува претседател на Синдикатот;
- ги верифицира органите на Синдикатот;

9) За да работи Собранието, е потребно присуство на 2/3 од делегатите на Собранието, а одлуките се полноважни ако за нив се изјасни мнозинството од делегатите на Собранието, согласно бројот на членови кои ги претставува делегатот.

## X. ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА СИНДИКАТОТ

### Член 15

1) Претседателството на Синдикатот е највисок постојан орган кој работи и дејствува меѓу две собранија.

2) Претседателството на Синдикатот ги остварува функциите на Синдикатот утврдени со овој Статут, и дејствува врз основа на програмската ориентација и политика на Синдикатот.

3) Претседателството на Синдикатот го сочинуваат претседателот на Синдикатот и сите претседатели на синдикалните организации

4) Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови.

### Член 16

1) Претседателството на Синдикатот ги остварува следните задачи:

- донесува своја програма за работа и поднесува извештај за своето работење;
- учествува во донесувањето на актите, дава мислења и предлози по нив;
- го подготвува и го склучува Колективениот договор на гранка и ја следи неговата реализација;
- предлага решенија и учествува во фазата пред донесување закони и други прописи со кои се определува општествено- економската положба на работниците од дејноста.
- се грижи за реализација на оправданите барања на членството, за подобрување на условите за работа за бенифициран стаж, за заштита на работата, заштита на здравјето и животот на работниците во процесот на работа, со цел подобрување и зголемување на продуктивноста на трудот;
- иницира покренување постапки и предлага мерки за разрешување на економски, социјални, еколошки, образовно-културни и други интереси на членството пред надлежните органи;
- организира работно-производни натпревари и други средби на работниците;
- ја оценува оправданоста од организирање генерален штрајк по барање на членството, донесува заклучок за организирање на генерален штрајк, иницира организирање и го води генералниот штрајк, и се грижи за ефектите од истиот;
- утврдува единствени ставови по сите прашања од интерес на членството и работниците;

- ја координира работата на организациите и органите на Синдикатот,заради реализирање на Програмата на Синдикатот;
- се грижи за развојот на организациската поставеност на Синдикатот;
- формира пододбори комисии и работни групи, како постојани или повремени тела;
- именува координатори по одделните дејности што го сочинуваат СФОМ;
- именува координатори за активот на жени и активот на млади;
- полноважно работи како извршен одбор (девет членови, кворум пет членови) со обезбеден мнозински бонитет согласно бројот на членови од своите организации;
- дава толкувања на овој Статут;
- утврдува Предлог-текст на Статутот како и измена и дополнувања;
- утврдува листа за можни кандидати за претседател на Синдикатот;
- носи одлука за бројот, составот и структурата на Собранието и за Претседателството на Синдикатот;
- води активност за остварување на меѓународна синдикална соработка;
- донесува Деловник за својата работа: правила, акти, одлуки во врска со примената на овој Статут;
- се грижи за развој и унапредување на иноваторството;
- одлучува за други прашања од својот делокруг на работа.

2) Претседателството со посебна одлука ја утврдува потребата од своето територијално дисперзирање и територијалната организираност во повисоки форми на здружување.

## XI. НАДЗОРЕН ОДБОР

### Член 17

1) Надзорниот одбор врши надзор врз материјално - финансиското работење на Синдикатот, донесува заклучоци и предлага мерки за подобрување на материјално - финансиското работење. Надзорниот одбор го избира Собранието.

2) Членови на Претседателството на Синдикатот не можат да бидат членови на Надзорниот одбор.

3) Надзорниот одбор избира свој претседател.

## XII. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАТОТ

### Член 18

1) Претседателот на Синдикатот го избира Собранието.

2) Претседателот на Синдикатот го претставува и застапува Синдикатот и остварува соработка со надворешни органи и институции во државата и надвор од неа, и овластува лица за ваков вид на претставување и соработка.

3) Претседателот на Синдикатот и лицата овластени од него, управуваат со платежната сметка на Синдикатот.

4) Претседателот на Синдикатот, доколку има сознанија за сторени злоупотреби од страна на член на Претседателството, има право да покрене иницијатива пред

Претседателството на Синдикатот, да се повика на одговорност, и доколку се утврдат сторени пропусти, истиот да се исклучи од Претседателството.

5) Доколку претседателот смета дека се потребни дополнителни чекори за заштита на интересите на работниците и угледот на синдикатот, може да преземе соодветни мерки кои се во негова надлежност.

6) Претседателот ги извршува следните работи:

- ја насочува политиката и активностите на Синдикатот во согласност со Програмата;
- свикува седници на органите и раководи со нив, изготвува и е одговорен за спроведување на одлуките и заклучоците на органите;
- ги иницира и координира активностите на органите на Синдикатот;
- по потреба закажува и учествува во работата на органите и телата на синдикалните организации, и пред истите покренува иницијативи за прашања од интерес на Синдикатот;
- иницира активности и предлага мерки по актуелни прашања од интерес на членството;
- остварува соработка со други синдикати;
- врши други работи во согласност со овој Статут.

7) Претседателот на Синдикатот е член и претседател на Претседателството на Синдикатот, член на Претседателството на повисока форма во која е здружен СФОМ (по претходно донесена одлука на Претседателството на СФОМ).

8) Претседателот за својот ангажман добива надоместок кој се одредува со посебна одлука донесена од мнозинството членови на Претседателството, добива плата од СФОМ, каде што е и вработен. Платата се одредува со посебна одлука која ја донесува Претседателството.

## XIII. СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ

### Член 19

1) Претседателот именува секретар на Претседателството на Синдикатот.

2) Секретарот на Претседателството на Синдикатот ги подготвува седниците на органите, учествува во нивната работа со право на советодавно мислење, го организира нивното реализирање, ја усогласува работата на пододборите и другите стручни и работни тела, и врши други работи од своја надлежност.

## XIV. ВНАТРЕШНИ ОДНОСИ, ОДЛУЧУВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТ

### Член 20

1) Органите и организациите на Синдикатот дејствуваат врз принципите и одредбите на овој Статут.

2) Спроведувањето на одлуките и ставовите на Собранието и Претседателството на Синдикатот и други органи на Синдикатот, се обврзани за членовите и пониските органи.

3) Одлуките на органите на Синдикатот се носат со јавно гласање, освен во случаите кои се поинаку уредени со овој Статут, односно деловниците за работа.

4) Органите на Синдикатот можат да носат одлуки ако во неговата работа учествуваат повеќе од половината членови. Одлуките се усвоени кога за нив ќе се изјаснат 1/2 од присутните членови на органот.

5) Органите се должни итно, а најдоцна во рок од 1 месец, да решаваат за иницијативите на членството и пониските органи.

6) Сите членови на органите и носителите на функции се менливи, можат да се отповикаат, подлегнуваат на постапка на укажување на доверба и може да бидат разрешени.

7) Членувањето во органите на Синдикатот престанува заради:

- спротивно делување на Статутот и Програмата на Синдикатот;
- дејствување од партиски позиции;
- непочитување или неизвршување на одлуките на Претседателството на Синдикатот;
- учество во активности кои водат кон рушење на Синдикатот или поттикнување на такви активности;
- суспензија заради предизвикување на репутациски и финансиски ризик при извршување на своите надлежности;

8) Претседателството на Синдикатот има право да носи соодветни одлуки за изрекување на казнени мерки.

9) Органите на Синдикатот можат да доделуваат награди и признанија за исклучителни активности на членовите и активистите на Синдикатот.

## XV. ФИНАНСИРАЊЕ НА СИНДИКАТОТ

**Член 21**

1) За остварување на своите статутарни задачи, Синдикатот од своите членови собира редовна, а во случај на потреба, вонредна членарина. Вонредната членарина се собира и од редовните средства на синдикалните организации.

2) Одлука за собирање на вонредна членарина и нејзината висина, носи Претседателството на Синдикатот со 2/3 мнозинство од членовите на органите.

3) Висината на редовната членарина се одредува со одлука од Претседателството.

4) Членот на Синдикатот, членарината ја плаќа во синдикалната организација на Синдикатот. Распределбата на членарината меѓу синдикалната организација и Синдикатот, со посебна одлука ја регулира Претседателството на Синдикатот.

5) Синдикатот може да се финансира и од други приходи. Во Синдикатот можат да се развиваат претприемачки односи и врз тие основи да се формираат фондови за одделни намени кои функционираат врз начелата на солидарност. Синдикатот може да основа самостојно или со други субјекти, синдикални претпријатија, задруги, штедилници и банки.

6) Финансиското работење на органите на Синдикатот се врши согласно позитивнитезаконски прописи.

7) Претседателството на синдикатот носи Правилник за материјално-финансиско работење на Синдикатот. Финансиското работење на органите на Синдикатот се врши во согласност со позитивните законски прописи и Правилникот за материјално-финансиско работење.

8) Своеволно менување, неспроведување на одлуките за распределба на членарината и нерационално користење на средствата, се смета како повреда на Статутот и следат казнени мерки изречени со одлука од Претседателството.

9) Документацијата за прибирањето, распределбата и употребата на членарината е јавна и достапна за членството и повисоките органи.

10) Сите органи на Синдикатот се должни, најмалку еднаш годишно, да поднесат извештај за финансиското работење.

## XVI. МАНДАТ ЗА ИЗБОРИ

**Член 22**

1) Мандатот на членовите на органите и носителите на функции во Синдикатот трае 5 години. Органите на Синдикатот се изборни.

2) Претседателството со одлука распишува избори во Синдикатот, и со посебни упатства и насоки го регулира начинот и постапката на изборот на членовите на органите и носителите на функциите на сите нивоа на организираност.

3) Изборите во Синдикатот се спроведуваат врз демократски принципи, со тајно гласање.

4) По исклучок, од организациски причини, гласањето може да се спроведе по електронски пат со одлука на претседателот.

5) Во текот на мандатниот период, органот може да биде заменет до 1/2 од членовите на својот состав.

6) Ако органот на Синдикатот остане без повеќе од половина членови, поднесат оставка или се отповикани, во синдикалните организации на Синдикатот се спроведуваат вонредни избори и се свикува вонредно Собрание.

7) При изборот на органите и носителите на функции, е избран оној кој добил најмногу гласови, односно повеќе од половината гласови на членовите од составот на органот. Ако не се добие потребното мнозинство на гласови, се одржува втор круг на избори во кој е избран оној кандидат кој добил најголем број гласови. Доколку во вториот круг кандидатите добијат ист број гласови, гласањето се повторува со истите кандидати.

8) Ако и по ова гласање изборот е неуспешен, избор за бројот на неизбраните членови се повторува со нови кандидати, наместо неизбраните кандидати што добиле ист број гласови. Постапката за нови кандидати е иста како за редовно кандидирање и избор.

## XVII. СТРУЧНА СЛУЖБА НА СИНДИКАТОТ

**Член 23**

1) Синдикатот формира стручна служба за извршување на стручните и административно - техничките работи, на барање на претседателот на Синдикатот.

2) Правата, обврските и одговорностите на членовите на стручната служба на Синдикатот, се регулираат со посебни акти кои ги носи Претседателството на Синдикатот.

## XVIII. ПРЕСТАНОК НА СИНДИКАТОТ

**Член 24**

1) Синдикатот престанува со дејствување, доколку Собранието донело одлука за престанок на дејствување на синдикатот.

2) Одлуката за престанок на дејствување на синдикатот се носи со 4/5 на гласови од вкупниот број на делегатите, согласно бројот на членови кои ги претставува делегатот.

Собранието кое донесува одлука за престанок, води сметка и за заштита на имотно-правните работи на Синдикатот.

3) Претседателството донесува одлука за истапување на Синдикатот од повисоките форми на здружување, ако за неа гласале 4/5 од вкупниот број на синдикалните организации на Синдикатот.

## XIX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 25

1) Измени и дополнувања на овој Статут, се вршат по итна постапка од страна на Собранието на Синдикатот.

2) Предлог за измени и дополнувања може да поднесат 1/5 од вкупниот број на членови на Собранието, како и ½ од Претседателството на Синдикатот.

3) Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на собранието на Синдикатот, ја носи со ½ на мнозинството од вкупниот број на членови.

### Член 26

1) Сите членки на Синдикатот имаат обврска да го усогласат својот Статут со одредбите на овој Статут.

2) Доколку членките немаат свој Статут, во тој случај, за нив ќе важат одредбите од овој Статут.

### Член 27

1) Со влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот од 22.04.2008 година.

2) Овој Статут стапува во сила на денот на неговото донесување од страна на Собранието, а ќе биде ефективен со денот на негова евиденција во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Бр. _______________**

**Скопје, 2023 година**

**Претседател на Синдикатот**

**Бобан Ристески**

__________________________________